Република Македонија

Ј.З.У. Центар за јавно здравје-Скопје




# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА 2015 ГОДИНА

Скопје, 2016

Република Македонија
Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје

# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА 2015 ГОДИНА

Скопје, 2016 година

**Република Македонија**
**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

**Директор: д-р спец. Шемси Муса**

Обработка на податоците:
**Одделение за социјална медицина**

Раководител на Одделението:
**прим. д-р сци. Весна Спирова**

Уредник и автор:
**прим. д-р сци. Весна Спирова**

Информатичка обработка:
**ИНФО СОФТ ИНГ**
**дипл. инг. Нијази Абдији**

# Предговор

*Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во Скопскиот регион* - рутинирано се подготвува на Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје во облик на публикација со табеларни и графички прикази, за да го презентира вкупниот морбидитет и морталитет регистриран кај населението од градот Скопје и Скопскиот регион во целост во болничките здравствени установи на територијата на Центарот, на годишно ниво.

Анализата е изготвена во согласност со Националаната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2016 година, а врз основа на Законот за државната статистика и Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, Законот за евиденциите во областа на здравството и Законот за јавно здравје.

Податоците за болничкиот морбидитет на населението во Скопскиот регион се презентирани на ниво на општини, како единици на локалната самоуправа , НТЕС 4, а податоците за болничкиот морталитет се презентирани на ниво на регион, НТЕС 3, во согласност со важечката класификација НТЕС.

Обликот и содржината на табелите во публикацијата овозможуваат детален аналитички приод во користењето на податоците од страна на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните и приватните здравствени установи, здравствените работници, јавноста и други корисници. Целта на собирањето на податоците и презентирањето на информациите е да се овозможи планирање, алокација и евалвација на здравтствените служби од повеќе аспекти.

Ваквото континуирано подготвување и публикување на податоците за болничкиот морбидитет и морталитет, кои се прибираат и обработуваат според утврдена и единствена методологија и со примена на единствени статистички стандарди, овозможува нивно временско следење и анализирање како корисен и веродостоен показател за здравствената состојба на населението. Анализата може да послужи како основа за донесување валидни одлуки од менаџерите во приватните и јавните здравствени установи во планирањето на нивниот развој, како поддршка на научни истражувања и за обезбедување на споредливи податоци.



## Содржина


**1 Цел и методологија на работа**

**2 Регистриран болнички морбидитет**

**3 Регистриран болнички морталитет**

**4 Заклучоци и препораки**

**5 Користена литература**

**6 Прилог табели**

6.1 Скопски регион-болнички морбидитет
6.2 Град Скопје-болнички морбидитет
6.3 Општина Аеродром-болнички морбидитет
6.4 Општина Бутел-болнички морбидитет
6.5 Општина Гази Баба-болнички морбидитет
6.6 Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет
6.7 Општина Карпош-болнички морбидитет
6.8 Општина Кисела Вода-болнички морбидитет
6.9 Општина Сарај-болнички морбидитет
6.10 Општина Центар-болнички морбидитет
6.11 Општина Чаир-болнички морбидитет
6.12 Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет
6.13 Општина Арачиново-болнички морбидитет
6.14 Општина Зелениково-болнички морбидитет
6.15 Општина Илинден-болнички морбидитет
6.16 Општина Петровец-болнички морбидитет
6.17 Општина Сопиште-болнички морбидитет
6.18 Општина Студеничани-болнички морбидитет
6.19 Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет
6.20 Скопски регион-болнички морталитет

## ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

*Цел на оваа Анализа е да го прикаже болничкиот морбидитет и морталитет на населението од Скопскиот регион во 2015 година преку статистички податоци кои понатаму треба да им послужат на здравствените установи, органите на државната власт, на единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавноста и на други корисници како основа за донесување валидни одлуки во планирањето на нивниот и регионалниот развој, во поддршка на научни истражувања и во обезбедување на споредливи податоци.*

*Презентираните податоци за болничкиот морбидитет и морталитет произлегуваат од индивидуалниот* ***Извештај за стационарно лекувано лице, Обр. бр. 3 - 21 - 61 А****, кој редовно се пополнува во болничките здравствени установи за секој испишан болен и рутинирано се доставува до центрите за јавно здравје во Републиката.*

*На Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје во текот на календарската 2015 година се примени, логички контролирани и компјутерски обработени 115 535 вакви извештаи со примена на соодветни стандарди. Од вкупниот број обработени извештаи, 64 900 (56,2%) се однесуваат на жители од Скопскиот регион, додека останатите се однесуваат на жители од другите седум статистички региони на Република Македонија и на жители од странски држави.*

На овој начин јавните и приватните болнички капацитети во градот Скопје обезбедуваат секундарна и терцијарна болничка здравствена заштита за населението на градот Скопје и Скопскиот регион и, главно, терцијарна здравствена заштита за населението од останатите региони во Република Македонија и од странство.




**Слика 1.** Центарот за јавно здравје-Скопје, низ различни здравствено-статистички аспекти, континуирано и во целост, го следи болничкото лекување во сите капацитети на територијата на Скопскиот регион.

За евалвација на болничкиот морбидитет и морталитет е користена дескриптивна анализа и аналитички статистички метод, со примена на определен сет на индикатори:

- **Стапка на болнички морбидитет на 1000 жители, општа и специфична**
- **Индекс на структура на болнички морбидитет** според групите на болести во согласност со МКБ-Х
- **Индекс на динамика**
- **Стапка на болнички морталитет во %, т.е. број на починати во болница од 100 лекувани лица, општа и специфична стапка на болнички морталитет**
- **Индекс на структура на болнички морталитет** според групите на болести во согласност со МКБ-Х и според старосната група од интерес.

Податоците за бројот на населението на ниво на општини во 2015 година се проценети во Центарот за јавно здравје-Скопје врз основа на претходни податоци за бројот на населението од Државниот завод за статистика на Република Македонија публикувани на ниво на општини за 2014 година.

Карактерот на болничкиот морталитет и морбидитет пред сѐ зависи од:

1. демографските карактеристики (староста) на населението,
2. клиничките карактеристики на болеста,
3. коморбидитетот и
4. компликациите.

Карактеристиките како што се возраста, претходните заболувања и онеспособеност, тежината на актуелното заболување и коморбидитетот се непроменливи прогностички фактори врз кои не е можно да се влијае. Факторите, пак, врз кои може да се влијае се пред сѐ раните компликации. Ефективното менаџирање на компликациите влијае врз должината на престојот во болница, чинењето на лекувањето и врз намалување на стапката на болничката смртност .

**Системот на јавно здравје** ја истражува, ја следи и ја проучува здравствената состојба на населението со единствена цел навремено да се преземат мерки за да се подобри здравјето преку идентификација и одговор на основните закани по здравјето, со создавање на услови за обезбедување на правовремени, соодветни и достапни здравствени услуги.

## Регистриран болнички морбидитет

Податоците од болнички морбидитет регистриран за населението во Скопскиот регион, во 2015 година, говорат дека меѓу причините за хоспитализација, на прво место стојат болестите од главата Неоплазми, C00-D48. Од вкупниот број хоспитализирани лица, 14.7% се примени во болница поради овие болести.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје

**Дијаграм 1.** Структура на болничкиот морбидитет според групите на болести во согласност со МКВ-X за вкупниот број испишани болни во 2015 година, жители на Скопскиот регион.

Второрангирани се болестите од Глава IX, Болести на циркулаторниот систем, I00-I99, со 13.4%, по што следуваат болестите од Глава X, Болести на респираторниот систем, J00-J99, со учество од 13.0% во вкупните причини за прием во болница. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, со 11.7%, Болестите на дигестивниот систем, K00-K93, со 8.7% и Повредите, труењата и други последици од надворешни причини, S00-T98, со 6.4%, стојат на четвртото, петтото и шестото место на листата на причини за болничко лекување.

Во поглед на водечките причини за хоспитално лекување структурата на болничкиот морбидитет во 2015 година споредено со 2014 година покажува пораст на пропорцијата на неоплазми (13.4% во 2014 година), стандардно учество на болестите на циркулаторниот систем (13.1% во 2014 година) и намалена пропорција на респираторните заболувања (14.9 во 2014 година).

Генитоуринарните заболувања, заболувањата на дигестивниот систем и повредите во 2015 година остануваат со речиси идентични пропорции и на истите ранг-места во вкупниот морбидитет како во 2014 година.

Во овој контекст, болничкиот морбидитет покажува највисока стапка на хоспитализација за *Неоплазмите, C00-D48*, од 15.4/1000 жители. Следуваат веќе наброените групи на болести со стапка на хоспитализација од 14.0/1000 жители за *Болестите на циркулаторниот систем*, 13.5/1000 жители за *Болестите на респираторниот систем, J00-J99*, 12.2/1000 жители за *Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, 9.1/1000 жители за *Болестите на дигестивниот систем, K00-K93*, и 6.7/1000 жители за *Повреди, труењата и другите последици од надворешни причини, S00-T98*.

Временската серија за болнички лекувани болни од 2010-2015 година, открива дека во набљудуваниот период највисок базичен индекс 2015/2010 година покажува групата *Болести на увото и на мастоидниот израсток, H60-H95 со вредност од* 1.53. Со индекс од 1.42 следуваат *Болестите на окото и на аднекситe и групата Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, бележат базичен индекс од 1.26, а по нив следуваат *Ендокрините, нутритивни и метаболични болести, E00-E90*, со индекс од 1.19. Најголем пад во индексираниот период од 2010 до 2015 година од 0.61 покажува групата болести *Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период, P00-P99*.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 2.1** Болнички морбидитет, според групите на болести во согласност со МКБ-X, регистриран кај населението од Скопскиот регион, во периодот 2005-2015 година.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 2.2** Болнички морбидитет на 1000 жители регистриран кај населението од Скопскиот регион, според групите на болести во согласност со МКБ-X, во 2005 и 2015 година, одделно.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 2.3** Болнички морбидитет на 1000 жители регистриран кај населението од Скопскиот регион, според групите на болести во согласност со МКБ-X, во 2005 и 2015 година, 2015 година споредена со 2005 година како база.

Меѓу хоспитализираните лица во 2015 година близу една третина (30.9%) се лица постари од 65 години. Споредено со нив, двојно е помал бројот на болнички лекувани деца до 14 години (14.5%).

Во поглед на структурата на групите болести според МКБ-X поединечно, хоспитализираните болни постари од 65 години со најголема пропорција (64.4%) учествуваат во групата (1) Болести на окото и на аднексите, (H00-H59), (2) Болести на циркулаторниот систем, I00-I99, (55.9%), (3) Болести на мускулно-скелетниот систем и сврзното ткиво (41.7%), (4) Неоплазми, C00-D48, (38.9%), (5) Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89, (32.9%), и (6) Повреди, труења и други последици од надворешни причини, S00-T98, (31.3%).

Од аспект на вкупните причини за хоспитализација на старите лица, Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, Неоплазмите, C00-D48 и Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, се првите три најчести причини за лекување во болница со учество од 24.2%, 18.5% и 9.6%, соодветно.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 3.** Болнички морбидитет регистриран според групите на болести во согласност со МКБ-X кај населението од Скопскиот регион, во 2015 година, вкупно, и одделно за деца до 14 години и лица постари од 65 години.

Во популацијата на деца до 14 години, најчести причини за болничко лекување се (1) Болестите на респираторниот систем, J00-J99, со учество од 41.1%, (2) Инфективните и паразитски болести, А00-Б99, со индекс на структура од 9.5%, и (3) Болестите на дигестивниот систем, K00-K93, со пропорција од 7.3%.

Од аспект на одделните групи на болести и вкупниот број на хоспитализирани лица, децата до 14 години, имаат највисоко учество во групата Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности, Q00-Q99, со индекс од 66.9%. Следуваат групите Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99, Болести на респираторниот систем, J00-J99, и Ендокрини, нутритивни и метаболични болести, E00-E90, со индекс од 49.9, 46,0 и 37,5%, соодветно. Во групата болнички лекувани лица од Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99, децата до 14 години имаат четирикратно повисоко учество со индекс од 49.9% споредено со старите лица чиј индекс на структура е 11.5%.

Во поглед на просечното траење на лекување, во 2015 година, шест групи на болести бележат лекување во просек подолго од 10 дена. Имено, во опсег од 32.1 и 12 дена во просек биле лекувани хоспитализираните со основни заболувања од типот на (1) Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89, (32.1 денови) (2) Неоплазми, C00-D48, (18.2 денови) (3) Болести на нервниот систем, G00-G99, (14.6 денови) (4) Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво, M00-M99, (12.5 денови) и (5) Инфективни и паразитски болести, A00-B99, (12 денови). Најдолг престој во болница бележат лицата со Душевни растројства и растројства во обноските, F00-F99, со просечно траење на лекувањето од 155.8 денови. Вкупното просечно болничко лекување за жителите од Скопскиот регион ви болничките капацитети во Скопје, во 2015 година траело 13.1 ден.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 4.** Просечно траење на лекувањето, вкупно, за населението од Скопскиот регион, во периодот од 2010 до 2015 година.




| | ПРОСЕК | Z00-Z99 | S00-T98 | R00-R99 | Q00-Q99 | P00-P96 | O00-O99 | N00-N99 | M00-M99 | L00-L99 | K00-K93 | J00-J99 | I00-I99 | H60-H95 | H00-H59 | G00-G99 | F00-F99 | E00-E90 | D50-D89 | C00-D48 | A00-B99 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 13.1 | 6.2 | 9.4 | 5.7 | 6.2 | 9.7 | 2.5 | 6.0 | 12.5 | 6.1 | 6.3 | 7.9 | 9.8 | 5.4 | 2.6 | 14.6 | | 8.9 | 32.1 | 18.2 | 12.0 |
| 2013 | 11.9 | 8.1 | 7.8 | 7.1 | 5.2 | 10.6 | 2.8 | 5.9 | 12.4 | 7.5 | 6.3 | 8.3 | 8.2 | 8.1 | 2.3 | 13.7 | | 6.8 | 19.1 | 14.3 | 13.8 |
| 2010 | 11.7 | 6.4 | 8.8 | 5.6 | 6.0 | 7.3 | 2.6 | 4.9 | 14.6 | 5.9 | 4.9 | 7.6 | 9.4 | 11.0 | 3.1 | 13.3 | | 10.9 | 4.9 | 5.7 | 13.7 |

2015 2013 2010

Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 5.** Просечно траење на лекувањето според групите на болести во согласност со МКБ-X кај населението на Скопскиот регион, во 2010, 2013 и 2015 година.

Од аспект на општината како место на живеење на болнички лекуваните лица, највисока стапка на општ болнички морбидитет во градот Скопје во 2015 година бележат општините Центар, Кисела Вода и Карпош со 278.6, 159.1 и 131.1 хоспитализации на 1000 жители, соодветно. Најниски вредности се регистрирани за општините Сарај и Шуто Оризари, со 37.6 и 48.2 хоспитализации на 1000 жители, соодветно.

Во седумте рурални општини општата стапка на болнички морбидитет се движи помеѓу 45.7/1000 жители во општина Илинден и 32.8/1000 жители во општина Сопиште.

## **РЕГИСТРИРАН БОЛНИЧКИ МОРТАЛИТЕТ**

Податоците за болничкиот морталитет добиени преку индивидуалните извештаи споредени со оние од збирните извештаи, Извештај на службата за болничко-стационарно лекување, Обр. бр. 3-21-60, кој, исто така, рутинирано се прибира од сите болнички установи, се нецелосни и за 2015 година чинат само **21%** од бројот на умрени во болница.

Оттаму, морталитетот е прикажан збирно, за Скопскиот регион во целост.

Иако и понатаму останува потребата да се постигне добра пракса за целосно и веродостојно известување преку индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице, во пракса се бележи континуирано опаѓање во пријавувањето на случаите кога исходот од хоспитализацијата е летален.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 6.** Болнички морталитет, Скопски регион 2015 година - графички приказ на само 21 насто од случаите со летален исход во болница според регистрираната основна причина за смрт.

## Заклучоци и препораки

**Неоплазмите, C00-D48**, се најчестата причина за хоспитализација на населението во Скопскиот регион во 2015 година. Имено, **14.7%** од вкупниот број на случаи на болничко лекување се должат на овие заболувања. **Болестите на циркулаторниот систем**, **I00-I99**, се втората најчеста причина за прием во болница со учество од **13.4%** во вкупниот број на хоспитализации. **Болестите на респираторниот систем, J00-J99**, прворангирани во 2014 година, во 2015 година стојат на третата позиција со индекс од **13.0%.**

**Општата стапка на болничкото лекување** за Скопскиот регион од **104.4/1000 жители** во 2015 година е многу блиску до општата стапка на болничко лекување за РМ од 112.1/1000 жители во 2013 година (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015) и значително пониска од просечната стапка на болничко лекување во земјите на Европскиот регион од 180.4 и во земјите на Европската унија од 175.9/1000 жители во 2013 година (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015).

Болничкиот морбидитет покажува највисока специфична стапка на болничко лекување во Скопскиот регион за **Неоплазмите, C00-D48**, од **15.4/1000 жители**, што е под стапката за РМ од 16.2/1000 жители во 2010 година. Специфичната стапка на болничко лекување на **Неоплазмите, C00-D48**, за земјите од Европскиот регион (2009) и за земјите од Европската унија (2010) е 16.4/1000 жители и 13.6/1000 жители соодветно (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015).

Според вредноста на специфичната стапка на болничко лекување второрангирани се **Болестите на циркулаторниот систем**, **I00-I99**, со **14.0** хоспитализации на **1000 жители** во Скопскиот регион, што е вредност пониска од таа за РМ од 17.2/1000 жители во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015). За споредба бројот на отпусти за Болестите на циркулаторниот систем за Европскиот регион (2010) и за Европската унија (2009) е 25.2/1000 и 24.1/1000 жители соодветно (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015).

**Болестите на респираторниот систем, J00-J99**, со специфична стапка на болничко лекување од **13.5/1000 жители** во Скопскиот регион**,** се исто така под специфичната стапка на болничкиот морбидитет за РМ од 18.6/1000 жители во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015). За споредба бројот

на отпусти заради болестите на циркулаторниот систем за Европскиот регион (2010) и за Европската унија (2009) е 18.5/1000 и 14.1/1000 жители соодветно (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015).

Во временската серија од 2010 до 2015 година, највисок **базичен индекс 2015/2010** од **1.53** покажуваат ***Болестите на увото и на мастоидниот израсток***, *H60-H95.* На второ место според вредноста на базичниот индекс 2015/2010 од 1.42 стојат ***Болестите на окото и на аднексите*** и со еднаква вредност од 1.42 ***Болестите на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам.*** На третата позиција се ***Болестите на генитоуринарниот систем***, *N00-N99*, со индекс од **1.26**. Најизразено опаѓање на бројот на епизоди на болничко лекување се бележи за групата на ***Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период***, *P00-P96*, со вредност на базичниот индекс од 0.61.

Близу ***една третина*** (30,9%) од хоспитализираните лица се **постари од 65 години**, додека **децата на возраст до 14 години** чинат близу ***една шестина*** (14,5%) од вкупно лекуваните лица во болница во текот на 2015 година.

***Болестите на окото и аднексите***, *H00-H59*, ***Болестите на циркулаторниот систем***, *I00-I99, и* ***Неоплазмите, C00-D48***, се трите групи на болести според МКБ-X во чија структура на лекувани болни, лицата **постари од 65 години** учествуваат со највисок индекс и тоа од 64.4, 55.9 и 38.9%, соодветно.

Популацијата на **деца од 0 до 14 години** учествува во структурата на болничкиот морбидитет со индекс кој е највисок (1) во групата на ***Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности***, Q00-Q99, со вредност од 66.9%, (2) во групата на ***Инфективни и паразитски болести***, A00-B99, со вредност од 49.9% и (3) во групата на ***Болести на респираторниот систем***, J00-J99, со вредност од 46.0%.

Во **просек,** болничкото лекување во Скопје за жителите на Скопскиот регион, траело **13.1 денови** во 2015 година. Просекот на болничкото лекување, за сите болници вкупно, во Република Македонија бил 7.9 денови во 2013 година, за земјите на Европскиот регион болничкото лекување во просек траело 8.6 денови во 2013 година и за земјите на Европската унија 8.08 денови исто во 2013 година (последен достапен податок според European HFA Database, December 2015).
Најдолгото просечно болничко лекување, подолго од 5 месеци, се однесува на групата болести ***Душевни растројства и растројства во обноските***, F00-F99, (155.8 денови). Второ и треторангирани според просечното траење на лекувањето се групите

1) ***Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам***, D50-D89, со 32.1 денови и (2) ***Неоплазмите, C00-D48***, со 18.2 денови.

Најкратко просечно траење на лекување во болница во 2015 година од **2.5 денови** и **2.6 денови** бележат групите ***Бременост, породување и пуерпериум*****,** O00-O99, и ***Болести на окото и аднекситe***, H00-H59, соодветно.

Според местото на живеење, во 2015 година, највисока стапка на општ болнички морбидитет е регистриран во општина Центар (278.6), **7.4 пати повисока** споредено со најниската стапка во градот, во општина Сарај (37.6) и **8.5 пати повисока** споредено со најниската стапка во Регионот, во општина Сопиште (32.8).

# Користена литература


1. Анализа на болничкиот морбидитет во Република Македонија: 2008 и 2009, Скопје: Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2011.
2. Македонија во бројки, 2015, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2015.
3. Регионите во Република Македонија, 2015 година, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2015.
4. European HFA Database (December 2015) WHO/Europe.
5. Закон за јавно здравје: Службен весник на Република Македонија, бр.22, 2010.
6. Закон за државна статистика: Службен весник на Република Македонија, бр.54/97, 21/07 и 51/11.
7. Програма за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2013.
8. Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 – сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем, Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2007.
9. Национална стратегија на Република Македонија за превенција и контрола на незаразните болести (2009), Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2009.
10. Ситуациона и SWOT анализа на превенцијата и контролата на незаразните болести во Република Македонија, Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2014.
11. Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, Скопје: Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, 2008.
12. Реформи на здравствениот систем во Република Македонија, Скопје: Центар за истражување и креирање на политики, 2010.

# Прилог табели

- Скопски регион-болнички морбидитет
- Град Скопје-болнички морбидитет
- Општина Аеродром-болнички морбидитет
- Општина Бутел-болнички морбидитет
- Општина Гази Баба-болнички морбидитет
- Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет
- Општина Карпош-болнички морбидитет
- Општина Кисела Вода-болнички морбидитет
- Општина Сарај-болнички морбидитет
- Општина Центар-болнички морбидитет
- Општина Чаир-болнички морбидитет
- Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет
- Општина Арачиново-болнички морбидитет
- Општина Зелениково-болнички морбидитет
- Општина Илинден-болнички морбидитет
- Општина Петровец-болнички морбидитет
- Општина Сопиште-болнички морбидитет
- Општина Студеничани-болнички морбидитет
- Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет
- Скопски регион-болнички морталитет

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## СКОПСКИ РЕГИОН, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-Х | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | 2015 | Индекс 15/07 | | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2131 | 2327 | 2209 | 1795 | 0.8 | 3.6 | 3.9 | 3.6 | 2.9 |
| C00-D48 | Неоплазми | 7684 | 11985 | 9526 | 9542 | 1.2 | 12.9 | 20.1 | **15.5** | **15.4** |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 309 | 486 | 563 | 691 | 2.2 | 0.5 | 0.8 | 0.9 | 1.1 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1043 | 1373 | 1801 | 1633 | 1.6 | 1.8 | 2.3 | 2.9 | 2.6 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1546 | 1870 | 1606 | 1510 | 1.0 | 2.6 | 3.1 | 2.6 | 2.4 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 974 | 1107 | 1102 | 1244 | 1.3 | 1.6 | 1.9 | 1.8 | 2.0 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1253 | 1434 | 1538 | 2043 | 1.6 | 2.1 | 2.4 | 2.5 | 3.3 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 207 | 211 | 304 | 323 | 1.6 | 0.3 | 0.4 | 0.5 | 0.5 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 8669 | 11105 | 8348 | 8680 | 1.0 | 14.6 | 18.6 | **13.6** | **14.0** |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 6850 | 8271 | 8743 | 8416 | 1.2 | 11.5 | 13.9 | **14.3** | **13.5** |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 4739 | 6837 | 5939 | 5647 | 1.2 | 8.0 | 11.5 | **9.7** | **9.1** |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 826 | 1562 | 1507 | 1699 | 2.1 | 1.4 | 2.6 | 2.5 | 2.7 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2578 | 3053 | 3441 | 3105 | 1.2 | 4.3 | 5.1 | 5.6 | 5.0 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 5221 | 6029 | 8097 | 7605 | 1.5 | 8.8 | 10.1 | **13.2** | **12.2** |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1934 | 1890 | 2085 | 1988 | 1.0 | 3.3 | 3.2 | 3.4 | 3.2 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 387 | 437 | 265 | 267 | 0.7 | 0.7 | 0.7 | 0.4 | 0.4 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 632 | 728 | 736 | 765 | 1.2 | 1.1 | 1.2 | 1.2 | 1.2 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 608 | 981 | 1226 | 1186 | 2.0 | 1.0 | 1.6 | 2.0 | 1.9 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 4155 | 4124 | 4367 | 4178 | 1.0 | 7.0 | 6.9 | 7.1 | 6.7 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 1828 | 2635 | 2236 | 2583 | 1.4 | 3.1 | 4.4 | 3.6 | 4.2 |
| ВКУПНО: | | 53574 | 68445 | 65639 | 64900 | 1.2 | 90.3 | 114.9 | 107.1 | 104.4 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

ГРАД СКОПЈЕ, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ 2007 | 2010 | 2013 | 2015 | Индекс 15/07 | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2009 | 2151 | 2030 | 1603 | 0.8 | 3.9 | 4.1 | 3.8 | 3.0 |
| C00-D48 | Неоплазми | 7576 | 11614 | 9107 | 9107 | 1.2 | 14.6 | 22.3 | 17.1 | 16.9 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 308 | 477 | 520 | 643 | 2.1 | 0.6 | 0.9 | 1.0 | 1.2 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1028 | 1332 | 1719 | 1566 | 1.5 | 2.0 | 2.6 | 3.2 | 2.9 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1526 | 1824 | 1567 | 1463 | 1.0 | 2.9 | 3.5 | 2.9 | 2.7 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 944 | 1046 | 1010 | 1160 | 1.2 | 1.8 | 2.0 | 1.9 | 2.1 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1205 | 1318 | 1441 | 1952 | 1.6 | 2.3 | 2.5 | 2.7 | 3.6 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 204 | 196 | 282 | 301 | 1.5 | 0.4 | 0.4 | 0.5 | 0.6 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 8584 | 10908 | 7958 | 8355 | 1.0 | 16.5 | 20.9 | 14.9 | 15.5 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 6672 | 8032 | 8476 | 8077 | 1.2 | 12.9 | 15.4 | 15.9 | 15.0 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 4571 | 6451 | 5453 | 5188 | 1.1 | 8.8 | 12.4 | 10.2 | 9.6 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 811 | 1473 | 1394 | 1568 | 1.9 | 1.6 | 2.8 | 2.6 | 2.9 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2486 | 2916 | 3320 | 2987 | 1.2 | 4.8 | 5.6 | 6.2 | 5.5 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 5126 | 5868 | 7741 | 7262 | 1.4 | 9.9 | 11.3 | 14.5 | 13.5 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1823 | 1716 | 1903 | 1848 | 1.0 | 3.5 | 3.3 | 3.6 | 3.4 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 387 | 437 | 263 | 267 | 0.7 | 0.7 | 0.8 | 0.5 | 0.5 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 613 | 701 | 686 | 718 | 1.2 | 1.2 | 1.3 | 1.3 | 1.3 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 597 | 959 | 1198 | 1136 | 1.9 | 1.2 | 1.8 | 2.2 | 2.1 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 3949 | 3774 | 3937 | 3837 | 1.0 | 7.6 | 7.2 | 7.4 | 7.1 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 1814 | 2539 | 2142 | 2500 | 1.4 | 3.5 | 4.9 | 4.0 | 4.6 |
| ВКУПНО: | | 52233 | 65732 | 62147 | 61538 | 1.2 | 100.7 | 126.2 | 116.5 | 114.0 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

ОПШТИНА АЕРОДРОМ, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | 2015 | Индекс 15/07 | | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 122 | 181 | 181 | 163 | 1.3 | 1.7 | 2.4 | 2.4 | 2.1 |
| C00-D48 | Неоплазми | 322 | 929 | 897 | 941 | 2.9 | 4.4 | 12.5 | 11.8 | 12.2 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 2 | 47 | 55 | 41 | 20.5 | 0.0 | 0.6 | 0.7 | 0.5 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 35 | 83 | 73 | 55 | 1.6 | 0.5 | 1.1 | 1.0 | 0.7 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 64 | 130 | 117 | 110 | 1.7 | 0.9 | 1.8 | 1.5 | 1.4 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 64 | 92 | 117 | 127 | 2.0 | 0.9 | 1.2 | 1.5 | 1.6 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 68 | 101 | 152 | 223 | 3.3 | 0.9 | 1.4 | 2.0 | 2.9 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 20 | 9 | 23 | 24 | 1.2 | 0.3 | 0.1 | 0.3 | 0.3 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 146 | 355 | 824 | 651 | 4.5 | 2.0 | 4.8 | 10.9 | 8.4 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 239 | 339 | 448 | 516 | 2.2 | 3.2 | 4.6 | 5.9 | 6.7 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 179 | 463 | 443 | 450 | 2.5 | 2.4 | 6.2 | 5.8 | 5.8 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 36 | 138 | 157 | 194 | 5.4 | 0.5 | 1.9 | 2.1 | 2.5 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 169 | 223 | 372 | 285 | 1.7 | 2.3 | 3.0 | 4.9 | 3.7 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 206 | 370 | 536 | 533 | 2.6 | 2.8 | 5.0 | 7.1 | 6.9 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 58 | 77 | 97 | 90 | 1.6 | 0.8 | 1.0 | 1.3 | 1.2 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 0 | 3 | 5 | 9 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 18 | 31 | 47 | 29 | 1.6 | 0.2 | 0.4 | 0.6 | 0.4 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 5 | 27 | 64 | 94 | 18.8 | 0.1 | 0.4 | 0.8 | 1.2 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 224 | 269 | 279 | 288 | 1.3 | 3.0 | 3.6 | 3.7 | 3.7 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 58 | 145 | 124 | 145 | 2.5 | 0.8 | 2.0 | 1.6 | 1.9 |
| ВКУПНО: | | 2035 | 4012 | 5011 | 4968 | 2.4 | 27.6 | 54.1 | 66.1 | 64.4 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

ОПШТИНА БУТЕЛ, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | 2015 | Индекс 15/07 | | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 56 | 101 | 126 | 80 | 1.4 | 1.5 | 2.7 | 3.3 | 2.1 |
| C00-D48 | Неоплазми | 90 | 331 | 314 | 323 | 3.6 | 2.4 | 8.9 | 8.2 | 8.3 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 2 | 15 | 20 | 22 | 11.0 | 0.1 | 0.4 | 0.5 | 0.6 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 20 | 33 | 46 | 25 | 1.3 | 0.5 | 0.9 | 1.2 | 0.6 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 22 | 53 | 59 | 46 | 2.1 | 0.6 | 1.4 | 1.6 | 1.2 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 28 | 34 | 45 | 68 | 2.4 | 0.8 | 0.9 | 1.2 | 1.8 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 21 | 46 | 72 | 61 | 2.9 | 0.6 | 1.2 | 1.9 | 1.6 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 3 | 4 | 10 | 12 | 4.0 | 0.1 | 0.1 | 0.3 | 0.3 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 66 | 137 | 345 | 252 | 3.8 | 1.8 | 3.7 | 9.1 | 6.5 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 150 | 156 | 220 | 254 | 1.7 | 4.1 | 4.2 | 5.8 | 6.6 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 85 | 283 | 237 | 208 | 2.4 | 2.3 | 7.6 | 6.2 | 5.4 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 10 | 43 | 58 | 81 | 8.1 | 0.3 | 1.2 | 1.5 | 2.1 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 78 | 103 | 149 | 129 | 1.7 | 2.1 | 2.8 | 3.9 | 3.3 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 64 | 138 | 202 | 258 | 4.0 | 1.7 | 3.7 | 5.3 | 6.7 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 56 | 88 | 85 | 64 | 1.1 | 1.5 | 2.4 | 2.2 | 1.7 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 1 | 0 | 0 | 4 | 4.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 4 | 23 | 21 | 24 | 6.0 | 0.1 | 0.6 | 0.6 | 0.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 4 | 12 | 48 | 27 | 6.8 | 0.1 | 0.3 | 1.3 | 0.7 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 121 | 163 | 175 | 168 | 1.4 | 3.3 | 4.4 | 4.6 | 4.3 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 27 | 71 | 52 | 60 | 2.2 | 0.7 | 1.9 | 1.4 | 1.5 |
| ВКУПНО: | | 908 | 1834 | 2284 | 2166 | 2.4 | 24.5 | 49.3 | 60.0 | 55.9 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-Х | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | 2015 | Индекс 15/07 | | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 361 | 356 | 280 | 212 | 0.8 | 4.8 | 4.7 | 3.6 | 2.8 |
| C00-D48 | Неоплазми | 1171 | 1507 | 1254 | 1187 | 1.1 | 15.6 | 20.0 | **16.0** | **15.5** |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 46 | 84 | 76 | 90 | 1.7 | 0.6 | 1.1 | 1.0 | 1.2 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 193 | 220 | 282 | 219 | 1.5 | 2.6 | 2.9 | 3.6 | 2.9 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 137 | 263 | 677 | 608 | 4.9 | 1.8 | 3.5 | 8.7 | 7.9 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 154 | 181 | 188 | 191 | 1.2 | 2.1 | 2.4 | 2.4 | 2.5 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 234 | 252 | 232 | 293 | 1.0 | 3.1 | 3.3 | 3.0 | 3.8 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 41 | 33 | 57 | 37 | 1.4 | 0.5 | 0.4 | 0.7 | 0.5 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 1269 | 1677 | 1250 | 1026 | 1.0 | 16.9 | 22.2 | **16.0** | **13.4** |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 1030 | 1225 | 1346 | 1284 | 1.3 | 13.7 | 16.2 | **17.2** | **16.7** |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 850 | 1110 | 919 | 818 | 1.1 | 11.3 | 14.7 | 11.8 | 10.7 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 131 | 248 | 191 | 241 | 1.5 | 1.7 | 3.3 | 2.4 | 3.1 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 464 | 522 | 588 | 544 | 1.3 | 6.2 | 6.9 | 7.5 | 7.1 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 882 | 1416 | 1202 | 1255 | 1.4 | 11.8 | 18.8 | 15.4 | **16.3** |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 277 | 246 | 308 | 294 | 1.1 | 3.7 | 3.3 | 3.9 | 3.8 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 84 | 83 | 42 | 32 | 0.5 | 1.1 | 1.1 | 0.5 | 0.4 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 83 | 122 | 88 | 77 | 1.1 | 1.1 | 1.6 | 1.1 | 1.0 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 101 | 153 | 177 | 125 | 1.8 | 1.3 | 2.0 | 2.3 | 1.6 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 675 | 622 | 654 | 586 | 1.0 | 9.0 | 8.2 | 8.4 | 7.6 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 249 | 390 | 287 | 284 | 1.2 | 3.3 | 5.2 | 3.7 | 3.7 |
| ВКУПНО: | | 8432 | 10710 | 10098 | 9403 | 1.2 | 112.4 | 141.8 | 129.2 | 122.5 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | 2015 | Индекс 15/07 | | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 80 | 124 | 117 | 89 | 0.9 | 1.9 | 3.0 | 2.8 | 2.1 |
| C00-D48 | Неоплазми | 215 | 539 | 390 | 482 | 0.7 | 5.2 | 13.0 | 9.3 | 11.3 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 3 | 14 | 26 | 43 | 1.9 | 0.1 | 0.3 | 0.6 | 1.0 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 21 | 40 | 56 | 60 | 1.4 | 0.5 | 1.0 | 1.3 | 1.4 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 36 | 47 | 44 | 88 | 0.9 | 0.9 | 1.1 | 1.0 | 2.1 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 39 | 54 | 39 | 74 | 0.7 | 0.9 | 1.3 | 0.9 | 1.7 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 43 | 67 | 95 | 191 | 1.4 | 1.0 | 1.6 | 2.3 | 4.5 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 2 | 5 | 18 | 34 | 3.6 | 0.0 | 0.1 | 0.4 | 0.8 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 133 | 243 | 576 | 562 | 2.4 | 3.2 | 5.9 | 13.7 | 13.2 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 231 | 174 | 267 | 357 | 1.5 | 5.6 | 4.2 | 6.4 | 8.4 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 140 | 341 | 253 | 397 | 0.7 | 3.4 | 8.2 | 6.0 | 9.3 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 24 | 74 | 93 | 152 | 1.3 | 0.6 | 1.8 | 2.2 | 3.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 79 | 121 | 169 | 173 | 1.4 | 1.9 | 2.9 | 4.0 | 4.1 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 85 | 127 | 257 | 295 | 2.0 | 2.1 | 3.1 | 6.1 | 6.9 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 47 | 47 | 60 | 56 | 1.3 | 1.1 | 1.1 | 1.4 | 1.3 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 0 | 5 | 0 | 4 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 10 | 21 | 23 | 21 | 1.1 | 0.2 | 0.5 | 0.5 | 0.5 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 9 | 10 | 38 | 50 | 3.8 | 0.2 | 0.2 | 0.9 | 1.2 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 119 | 138 | 160 | 240 | 1.2 | 2.9 | 3.3 | 3.8 | 5.6 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 42 | 97 | 61 | 51 | 0.6 | 1.0 | 2.3 | 1.5 | 1.2 |
| ВКУПНО: | | 1358 | 2288 | 2742 | 3419 | 1.2 | 32.9 | 55.2 | 65.3 | 80.4 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

ОПШТИНА КАРПОШ, 2007-2015

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 | Морбидитет на 1000 жители во 2015 |
